**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**

Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП БР. 1310-40
Бр.на постапка 41845
од 07.08.2023 год.
Велес

Врз основа на член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/2020 и 111/23), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес упатува кон:

# ЈАВЕН ПОВИК

## За организирање на јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 23, УЕ 2 (Железен мост), КО Велес, Општина Велес

Се известуваат граѓаните, сите заинтересирани правни и физички лица од подрачјето опфатено со планот, подрачјата соседни на планскиот опфат, широката јавност, претставници на стручната јавност, претставници на органите на државната управа, претставници на единиците на локалната самоуправа, стручни лица од невладините организации и други стручни лица од областа што е релевантна за планирањето и за конкретниот плански опфат.

Границата на планскиот опфат е дефинирана помеѓу:

- На северозападната страна границата на планскиот опфат се граничи со дел од оската на планирата магистрална улица „Број 1" превземена од Генералниот урбанистички план на град Велес, која се движи кон исток се до источната страна.
- На источната страна границата на планскиот опфат се движи кон југ по дел од оската планираната на железицата според Генералниот урбанистички план на град Велес се до јужната страна.
- На јужната страна границата на планскиот опфат ја сечи КП бр.16848 и продолжува кон северозапад по дел од оската на КП бр. 16844 се до западната граница.
- На југозападната страна границата на планскиот опфат започнува од дел од оската на КП бр. 16843, движејќи се кон север кон северната граница.

Опфатот е со површина од 37815.21 м2 (3.8ха).

Јавната анкета и јавната презентација по Нацрт Детален урбанистички план за дел од УБ 23, УЕ 2 (Железен мост), КО Велес, Општина Велес, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на граѓанскиот центар на Општина Велес, преку информацискиот систем е-урбанизам, се објавува на веб-страната на општината и се огласува со печатени плакати и соопштенија во и околу подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 35 дена од 23.08 до 26.09.2023 година од 7,30 до 15,30 часот во просториите на Општина Велес.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 12.09.2023 година во 11:00 часот во просториите на Општина Велес.

Градоначалник
на Општина Велес
**Марко Колев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ВЕЛЕС